Република Македонија
Национална установа
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр. 01-370/1
31.12 20 год.

Врз основа на член 9-б став 2 од Законот за заштита на на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05, 103/08 и 124/10) и одредбите од Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10) , член 14 став 1 точка 16од Статутот на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип,директор на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип донесе

# П Р А В И Л Н И К

## За начинот на вршење на видео надзор
## во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип

**Основни одредби**

Член 1

Со овој Правилник во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип се уредува:
- Начинот на вршење на видео надзор во просториите на Музејот, кој се јавува во својство на *Контролор;*
- Техничките и организациските мерки кои се применуваат за обезбедување тајност и заштита на личните податоци преку вршење на видео надзор;
- Рок на чување на видео записите;
- Начинот на бришење, како и начинот на правење на сигурносна копија;
- Права и обврски на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор.

**Опис на системот за вршење на видео надзор**

Член 2

Видео надзорот се врши преку камери поставени на влезовите во изложбените сали и во изложбениот простор, на влезот во управниот/канцелариското простор на Музејот заради вршење на контрола при влез и излез во и од изложбените сали, канцелариското и другиот работен простор.

Снимките од камерите се пренесуваат на персонални компјутери поставени во просторијата на персоналот за обезбедувањето, при што овластеното лице од обезбедувањето на Музејот, може да го контролира влезот и излезот на вработените, посетителите и странките.

Снимките направени од видео надзорот, се чуваат на хард дискот на персоналниот компјутер кој, се наоѓа во просторијата на персоналот за обезбедување, односно мониторинг системот.

**Цел за вршење на видео надзор**

Член 3

Видео надзорот се врши со цел да се обезбеди:

- Заштита на сопственоста на имотот, движното културно наследство и другите материјални вредности кои се наоѓаат во Музејот;
- Обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето во и од службените простории, изложбените сали, просториите каде е забранет влез на страни лица ( лаборатории, депоа, котлара и друг работен простор).

**Периодична оценка**

Член 4

Музејот на секои две години врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење на видео надзор, а особено:

- Понатамошна потреба од користење на системот за видео надзор;
- Целта, односно целите за вршење на видео надзор;
- Можните технички решенија за замена на системот за вршење на видео надзор или негово проширување и надградување;
- Статистички показатели за пристапот до снимките направени од видео надзорот и
- Начинот на искористување на видео снимките.

За извршената периодична оценка од став 1 на овој член Музејот изработува извештај, кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот за вршење на видео надзор.

Во извештајот од став 2 на овој член се внесуваат и статистички показатели за пристапот до снимките направени при вршење на видео надзорот, како и начинот на искористување на снимките.

**Обработка на личните податоци**

Член 5

Преку системот за вршење на видео надзор се обработуваат следните категории на лични податоци:

- Физички и физиолошки изглед на странките и посетителите на Музејот;
- Физички и физиолошки изглед на вработените во Музејот.

**Технички мерки**

Член 6

Музејот ги обезбедува следните технички мерки за тајност и заштита на обработка на личните податоците преку системот за вршење на видео надзор и тоа:

- Единствено корисничко име за овластените лица;
- Лозинка креирана од секое овластено лице, составена од комбинација на најмалку пет алфа нумерички карактери, (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;
- Корисничко име и лозинка, која овозмжува пристап на овластените лица до системот за видео надзор во целина или до поединечни апликации;

- Автоматизирано одјавување од системот за видео надзор, после изминување на определен временски период на неактивност (не подолг од 15 минути-?) и за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничкото име и лозинката;
- Автоматизирано отфрлање од системот за видео надзор после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка);
- Софтверска заштитна мрежна бариера (Фајер вал) или рутер помеѓу системот за видео надзор и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мрежа против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот (таква заштита системот во Музејот нема, потребно е да се обезбеди);
- Приклучување на системот за видео надзор на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување (уред за непрекинато напојување Музејот нема, потребно е да се обезбеди);

**Организациски мерки**

Член 7

Музејот ги обезбедува следните организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за видео надзор и тоа;

- Ограничен пристап или идентификација за пристап до системот за видео надзор, така што само овластени лица од страна на директорот на Музејот може да имаат пристап до системот за видео надзор;
- Секое овластено лице има ограничен пристап до системот за видео надзор во однос на симнување и снимање на видео записите; - ?
- Овластено лице за уништување на видео записите по истекот на рокот за нивно чување и
- Почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опремата за вршење на видео надзор.

Вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси, го известува администраторот на информацискиот систем за вработувањето или ангажирањето на секое овластено лице со право на пристап до системот за вршење на видео надзор, за да му биде доделено корисничко име и лозинка, како и за престанок на вработувањето или ангажирањето за да му бидат избришани корисничкото име и лозинката, односно заклучени за натамошен пристап.

Известувањето од став 2 на овој член се врши и при било кои други промени во работниот статус или статусот на ангажирањето на овластеното лице што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до информацискиот систем.

**Евидентирање на пристапот и увидот**

Член 8

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор Музејот преку вработените на

обезбедувањето на Музејот води евиденција, која ги содржи следните податоци:

- Име и презиме на овластеното лице;
- Датум и време на пристапување;
- Цел за пристапување;
- Датум и час на направената снимка до која се пристапува;
- Датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот;
- Вид на медиум во кој е содржана снимката на видео надзорот.

**Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор**

Член 9

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор имаат вработените во обезбедувањето на Музејот и други лица овластени од директорот на Музејот.

Овластените лица од став 1 на овој член пред нивното отпочнување со работа или пред пристапот до системот за вршење на видео надзор, своерачно потпишуваат Изјава за тајност и заштита на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор.

Образецот на Изјавата од став 2 на овој член е составен дел на овој Правилник (Образец бр. 1).

**Рок на чување на снимките од видео надзорот**

Член 10

Снимките направени од видео надзорот се чуваат на хард дискот на персоналниот компјутер, каде што пристап имаат само администраторот на информацискиот систем, вработените во обезбедувањето на Музејот и овластените лица од директорот на Музејот.

Снимките направени при вршење на видео надзорот се чуваат 30 дена, при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од хард дискот на кој што се чуваат.

Снимките од видео надзорот може да се чуваат и во подолг временски период, од периодот наведен во став 2 на овој член, ако е потребно согласно закон, но неподолго од исполнувањето на целите.

**Известување за вршење на видео надзор**

Член 11

На влезовите во изложбените сали, во просторот на изложбените сали и на влезот во управната зграда (канцелариското простор) на Музејот, на видливо и чисто место треба да биде истакнато дека се врши видео надзор, кое содржи:

- Дека се врши видео надзор на објектот;
- За името на контролорот кој го врши видео надзорот и
- За начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

Известувањето од став 1 на овој член е составен дел на овој Правилник (образец бр. 2).

**Технички спецификации на опремата**

Член 12

За вршење на видео надзор во Музејот, се користи систем кој е составен од повеќе внатрешни и надворешни статички камери предвидени со проектот за таа цел, кои обезбедуваат максимална резолуција со среден квалитет на слика, при што истите вршат 24 часа снимање, со мжност за делумно фокусирање (зумирање), а дел од камерите имаат можност за снимање во затемнети простории.

Во системот за видео надзор се пристапува преку персоналните компјутери, кои се сместени во просторијата на персоналот за физичко обезбедување на Музејот и видео надзор, односно мониторинг систем.

**План за поставеност на системот за видео надзор**

Член 13

Графички приказ за поставеноста на системот за видро надзор, просторот каде се врши видео надзорот, аголот на покриеност на просторот опфатен со видео надзорот, како и карта со локацијата на местото каде што се поставени камерите, се содржани во Планот/Проектот, кој е составен дел на овој Правилник (Прилог бр. 1).

**Супсидијарна примена**

член 14

При обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, соодветно се применуваат и другите одредби од Правилникот за техничките и организациски мерки за обезбедување, тајност и заштита на обработката на личните податоци ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 38/09 и 158/10.

**Преодни и завршни одредби**

Член 15

Овој Правилник влегува во сила по неговото донесување од надлежен орган, со денот на неговото објавување на огласна табла во Музејот.

Национална Установа
Завод за заштита на споменициите на културата и музеј-Штип
Зоран Читкушев
директор

Образец 1

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 7/05, 103/08 и 124/10) и член _____ од Правилникот за начинот за вршење на видео надзор во НУ НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип, на ден ________ ___ година ја давам следната

# И З Ј А В А

## за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор

Јас долу потпишаниот/ата ______________________________________

(име и презиме)

______________________________________________________________во

(работно место)

______________________________________________________________

(музеј/одделение)

Согласно Правилникот за начинот на вршење на видео надзор во НУ НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип, се обврзувам дека:

- ќе ги применувам начелата за заштита на личните податоци при вршењето на водео надзорот;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоците и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за пристап и увид до личните податоци, обработени преку системот за вршење на видео надзор, со кој се оневозможува неовластен и неевидентиран пристап и увид до снимките од системот за видео надзор;
- ќе вршам обработка на личните податоци, согласно упатствата добиени од контролорот;
- на трети лица надвор од контролорот и на други лица од контролорот, нема да издавам било каков личен податок од снимките на видео надзорот или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознам при вршење на видео надзор во контролорот, освен ако со закон поинаку не е предвидено.

Потпис,

______________________

Образец бр. 2

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

Прилог бр. 1

# П Л А Н
За поставеноста на видео надзорот

1. Видео надзорот се врши преку камери кои се поставени:
- на влезовите во изложбените сали и во изложбениот простор, на влезот во управата/канцеларискиот простор на Музејот, при што истите се насочени само кон влезот, заради вршење контрола на влез и излез во и од изложбените сали и другиот работен птостор;
- во изложбениот простор-галерија на икони, кои се насочени ___________
- депоата на Музејот за: археологија, историја на уметноста и историја___

2. Графички приказ на поставеноста на камерите за вршење на видео надзор за влезовите:

3. Графички приказ за поставеноста на камерите за вршење на видео надзор во изложбениот простор и галерија на икони:

4. Графички приказ на поставеноста на камерите за вршење на видео надзор во пред депоата, ходниците и премини на Музејот

5. Графички приказ на поставеноста на надворешните камери за вршење на видео надзор на надворешниот музејски простор:

## Анализа на целите за кои се поставува видео надзорот во Музејот за заштита на личните податоци

Поради законските надлежности и природата на дејноста, во изложбениот простор, канцелариският простор и работниот простор на Музејот, секојдневно има зголемена фрекфренција на посетители и странки, поради што се наметнува потребата да се врши обезбедување на влезот и излезот во изложбените сали, движењето на посетителите во галеријата на иконите, канцелариският и друг работен простор на управата, надворешниот простор, како и почитувањето на пропишаниот ред за влегување и излегување на овластени вработени и забрана за влез и движење други лица во депоата и лабораториите, односно ограничено и контролирано движење на Музејот.
Видео надзорот е поставен заради обезбедување од кражби и заштита на движното културно наследство, изложено и депонирано во Музејот.
Во контекс на ова, во канцелариите и другиот работен простор има и соодветна техничка опрема (персонални компјутери, печатари, фотокопири, скенери и друга опрема), која може да биде предмет на незаконско отуѓување.
Следствено на ова, со воспоставувањето на видео надзорот ќе се овозможи соодветна заштита на сопственоста на Музејот од неовластен пристап, кражба или друга форма на нејзино загрозување, како во траење така и по престанок на работното време во Музејот.

Видео надзорот се поставува единствено заради исполнување на целите кои се однесуваат на:

- заштита на сопственоста и

- обезбедување на контрола на влегување и излегување во и од службените простории на Музејот.